Врз основа на член 12, а согласно член 13 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на финансиските организации, Здружението на финансиските организации на седницата одржана на 27.06.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на групации во рамки**
**на Здружението на финансиските организации**

**Член 1**

Заради ефикасно остварување на специфичните интереси во одредена дејност на членките на Здружението на финансиските организации, во рамки на Здружението се формираат следните групации:

- Групација за осигурување
- Групација на лизинг компании
- Групација на финансиски друштва

**Член 2**

Групациите работат непосредно на остварувањето на целите и задачите на членувањето, а особено:

- разгледуваат прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во соодветната дејност;
- иницираат или утврдуваат мерки, планови и програми за развој на дејноста;
- ги усогласуваат појавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста;
- усвојуваат заклучоци и предлагаат мерки од интерес на дејноста, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- ги согледуваат и утврдуваат заедничките интереси на членовите на Комората од дејноста, како и појавените спротивности во однос на други дејности и даваат предлози за нивно усогласување, односно надминување;
- покренуваат иницијативи за донесување и разгледуваат предлози на закони и други прописи, даваат мислења и предлози по прашања од интерес на членовите на Комората од соодветната дејност и стопанството во целина;
- иницираат и остваруваат соработка по прашања од заеднички интерес, со членовите на Комората од други групации во рамките на Комората и меѓународна економска соработка, во согласност со програмските активности и општите акти на Комората;
- вршат други работи од интерес на членовите, во рамките на надлежностите на Комората.

Секоја Групација донесува правила со кои се уредува начинот на работењето, раководењето и начинот на избор на органите на Групацијата, во согласност со одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија и Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на финансиските организации.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 125-835/5
27.06.2019 година
С к о п ј е

Претседател,
Ѓорѓе Војновиќ